Средно Училиште на Град Скопје
Гимназија „Јосип Броз Тито” – Скопје

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Август
Скопје 2018

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 5/02), а во врска со член 29 од Законот за средно образование (“Службен весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), Советот на Град Скопје, на _____ седница, одржана на _____ 2018 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“
ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

Август
Скопје 2018

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

СУГС Гимназија „Јосип Броз – Тито“ - Скопје, општина Центар, Република Македонија, основано како Прва скопска гимназија, со решение од 1 декември 1944 год.

Училиштето (Гимназијата) е средно училиште од посебен општествен интерес. Сместена е во релативно нова наменски изградена зграда во строгиот центар на градот Скопје, ул. “Димитрија Чуповски”, бр.27. Нејзина основна дејност е организирање на воспитно-образовниот процес за остварување на плановите и програмите од гимназиското образование во Република Македонија.



Статистички податоци за општинската средина

Гимназијата се наоѓа во општината Центар, која што воедно е и една од најубавите урбани средини на градот Скопје.

Вкупното население во оваа општина изнесува 45412 жители.

Податоци за училиштето

Основањето на гимназијата започнало со решение на Президиумот на АСНОМ и назначувањето на писателот и акад. Васил Иљоски за прв директор (1.XII.1944). Наскоро биле назначени и првите 29 наставници (јануари 1945), а на 1 февруари 1945 год. започнала и работата на Првата скопска гимназија со вкупно 790 ученици во 23 одделенски паралелки. Наскоро, пак, на Третата седница на Наставничкиот совет на Првата скопска гимназија било решено таа да се именува со името на претседателот на ФНРЈ “Јосип Броз - Тито”. Оттогаш до денес таа и го задржа името на Јосип Броз - Тито како свој патрон.

Во првите три децении од основањето, гимназијата неколку пати го менувала објектот за сместување и локацијата, а на денешната локација, со своја училишна зграда, се наоѓа од 13 ноември 1972 година до денес.

Во текот на своето постоење, гимназијата успева да ја докаже својата вредност како прва гимназиска образовна институција. Доказ за тоа се и

бројните признанија и награди кои ги има добиено како колектив, признанијата за истакнати членови на професорскиот состав и бројни награди што учениците ги имаат освојувано на разните натпревари. Во прилог на ова може да се наведат неколку награди и признанија.

Во 1964 година, Гимназијата добива Спомен-плакета на град Скопје, 1969 година, Ноемвриска награда, на крајот од учебната 1971/1972 година е на прво место на ранг-листата за средни училишта, а во 1975 година, претседателот на тогашната држава, Јосип Броз Тито, ја одликува Гимназијата со Орден на трудот со златна sвезда.

Исто така и учениците остваруваат врвни резултати од областа на науката, културата и уметноста.

Во текот на своето постоење во гимназијата работеле голем број наставници под водство на 17 директори и тоа:

Васил Иљоски (1944/45)
Нада Ачковска (1945/46)
Павле Даскалов (1946/47-1947/48)
Злата Ангелова (1948/49)
Вера Нацева Коробар (1949/50-1952/53)
Олга Мишиќ Соколова (1953/54-1954/55)
Јордан Димевски (1955/56-1964/65)
Васил Чипов (1965/66-1981/82)
Марика Христова вд. (1981/82-1982/83)
Благоја Петровски вд. (1984/85-1986/87)
Славка Арсова вд. (1986/87)
Петар Илиевски прин.упр. (1986/87)
Аџиевски Спасоје вд. (1986/87)
Јован Созовски (1987/88-1998/99)
Славица Сековска (1999/2000-2002/03)
Снежана Мироновска (2003/04-2012/13)
Драган Данев (2012/13 – 2013/14)
Татијана Стојанова-Дуева (2013/14-2017/18)
Силвана Кржовска (2017/2018-до денес)

За многуте децении постоење и непрестан развој на воспитно-образовниот процес, гимназијата прерасна во модерно училиште според сите европски стандарди.

РЕСУРСИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Простории и корисна површина по ученик

Училишната зграда со која располага гимназијата е со површина од 7246 м² корисна површина или приближно 5 м² по ученик. За организација на современ воспитно-образовен процес, слободни ученички активности и други дејности се користат училници, наставни кабинети, библиотека со читална, бифе, аула за свечености, спортски терени, фискултурна сала.

Освен училишната зграда, гимназијата располага и со училишен двор од вкупно 5600 м². од кои 2850 м² се озеленета површина, а преостанатите 2750 м² се спортски терени за фудбал, кошарка и ракомет.

Опрема

За поквалитетна и попродуктивна настава, Гимназијата располага со повеќе наставни помагала и дидактички материјали. За организирање на покреативна настава, од техничката опрема, училиштето е опремено со 21 компјутер во кабинетот по информатика, компјутер во секој наставнички кабинет - 8, 8 компјутери во наставничката канцеларија, 3 компјутери во слободна просторија наменети за потребите за работа на наставниците, лаптоп за секој професор,скенери, печатари и фотокопири, смарт табла во училницата на меѓународна матура и во училница број 9, ЛЦД проектои, проекциони платна, 2 мултимедијално опремени училници од кинеска донација, опремени кабинети по предметите биологија, хемија и физика, радио касетофони, глобуси и географски карти.

Наставниот и помошниот кадар во училиштето

За остварување на работните задачи и воспитно-образовните цели на училиштето ангажирани се вкупно 109 вработени и тоа :

Раководен орган во училиштето е директорот.

Стручни соработници : педагог и библиотекар.

Наставата ја реализираат 87 наставници со соодветно високо образование.(ПРИЛОГ)

Административно техничките работи ги водат: секретар, благајник, сметководител, домаќин, училишен хаус – мајстор, 2 ноќни чувари и 12 хигиеничари.(ПРИЛОГ)

Според националниот состав, во гимназијата има вработени речиси од сите националности во Република Македонија.

Ресурси на опкружувањето

Со својата местоположба, гимназијата може да се користи со мошне значајни ресурси на опкружувањето. Имено, во нашата општина егзистираат повеќе библиотеки, меѓу кои една национална (Народната и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”), една градска (Библиотеката “Браќа Миладиновци”), една општинска (Библиотеката “Страшо Пинџур”), Францускиот културен центар, Германскиот културен центар. Освен тоа, во непосредното опкружување на гимназијата се наоѓаат и книжарници на сите најголеми издавачи во Републиката.

Во близина на училиштето се наоѓаат и музеите: Музеј на град Скопје, Музеј на Македонија, Музеј на современа уметност, како и повеќе културно-историски споменици.

Во непосредната околина на гимназијата се наоѓаат уреденият кеј на реката Вардар, погодни за училишно спортување и Градскиот парк, погоден за реализирање на слободни ученички активности.

ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Календар за работа

Врз основа на Член 23 став 3 од Законот за средно образование, министерството за образование и наука носи календар за организација на учебната 2018/2019 година во јавните средни училишта.

Во текот на наставната година, во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 166 наставни денови, а за сите останати години на образование се остваруваат најмалку 180 наставни денови.

На денот на училиштето не се изведува настава, во тие денови се организираат културни, спортски и други манифестации.

Организација и реализација на наставата

Основна и најширока форма преку која се остварува целта на воспитно-образовниот процес како и целта на училиштето е наставата. Таа во себе ги опфаќа сите активности на учениците и наставниците преку кои ученикот се здобива со знаења, умеења, вештини и навики. Со цел подоследно и планско изведување на наставата, секој наставник е задолжен да подготви годишен и тематски план и дневна подготовка на наставен час или наставна единица што преставува стандард, документ преку кој ќе бидат достапни сите информации за текот, методите, формите, средствата и содржините за соодветниот наставен предмет и стандарди и критериуми за оценување.

Наставата во училиштето се одвива во две смени со тоа што првата смена почнува во 7:30 и завршува во 13:15 часот, а втората почнува во 13:30 до 19:15 часот. Наставниот час трае 45 минути со предвидени мали одмори од 5 минути меѓу часови и голем одмор помеѓу втор и трет час во првата смена и помеѓу трет и четврти час во втората смена.

Наставниците во Гимназијата се стремат кон свое стручно усовршување и кон учење на нови техники и методи кои би можеле практично да ги искористат во својата настава. За таа цел во текот на учебната година, тие посетуваат стручни семинари, курсеви, разни предавања и работилници.

Заради постојано и систематско следење на воспитно образовната работа во текот на годината во сите подрачја на дејноста се води и ажурира педагошката документација.

Наставата се остварува преку утврден наставен план кој опфаќа четири организациско-содржински компоненти, додатна, дополнителна и продолжителна настава и слободни ученички активности.

Наставниот план е структуриран од четири организациско-содржински компоненти :

- задолжителни предмети ;
- изборни предмети ;

- задолжителни изборни програми ;
- проектни активности

Изборни предмети од втора година :

1. Информатичка технологија
2. Класични јазици
3. Елементарна алгебра и геометрија
4. Говорење и пишување
5. Етика

Ученикот избира еден предмет

Подрачја-изборни предмети

Природно-математичко подрачје

Комбинација А

Во трета година се понудени : Линеарна алгебра, Програмски јазици Аналитичка геометрија и Алгебра со по 2 часа неделно, а во четврта : Програмски јазици, Математичка анализа и Физика со по 3 часа недело.

Комбинација Б

Во трета година се понудени : Програмски јазици, Географија и Латински јазик со по 2 часа неделно, а во четврта : Физика, Хемија и Биологија со по 3 часа неделно.

Јазично –уметничко подрачје

Комбинација А

Во трета година се понудени : Трет странски јазик со по 3 часа, Класичен јазик и Педагогија со по 2 часа неделно, а во четврта : Трет странски јазик со по 3 часа неделно, Класичен јазик, Психологија и Компаративна книжевност со по 2 часа неделно

Комбинација Б

Во трета година се понудени : Ликовна уметност, Музичка уметност и Педагогија со по 2 часа неделно, а во четврта : Ликовна уметност, Музичка уметност и Психологија со по 2 часа неделно.

Општествено-хуманистичко подрачје

Комбинација А

Во трета година се понудени : Вовед во право, Социологија и Латински јазиксо по 2 часа, а во четврта : Економија со 3 часа и Менаџмент, Логика и Историја со по 2 часа неделно.

Комбинација Б

Во трета година се понудени : Етика, Социологија и Педагогија со по 2 часа неделно, а во четврта : Социологија со 3 часа и Филозофија, Историја и Психологија со по 2 часа неделно.

Проектни активности

Преку овој сегмент учениците имаат можност да ги искажат своите знаења, умеења и способности преку реализација на определени проектни активности кои самите ги избираат.

Проектните активности се изведуваат со менторска настава при што наставникот ги поучува и оспособува учениците за самостојна и тимска работа.

Проектните активности може да се реализираат во текот на целата учебна година. Оние активности кои се реализираат во училштето се организираат во време прифатливо за учениците.

Оние ученици кои од било какви причини нема да ги реализираат предвидените Проектни активности имаат обврска да го направат тоа до 31.08 истата учебна година во спротивно нема да им се издаде свидителство за завршена година, тоа значи дека ученикот не реализирал дел од наставниот план за гимназиско образование и не може да го продолжи образованието во гимназијата.

Во оваа учебна година сите учениците ќе реализираат следните проектни активности: иновации и претприемништво, мир, толеранција и заштита, хор, урбана култура, ликовно творечки активности, информатика, хемија, физика, биологија, математика, култура на здраво живеење, драма, литературни клубови, граѓанска култура, спорт, класични јазици, италијански јазик, француски јазик, англиски јазик и германски јазик.

Дополнителна настава

За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година ќе се организира дополнителна настава. Предметниот наставник е обврзан да изведува дополнителна настава. Секој предметен наставник задолжително треба да направи распоред за изведување на дополнителната настава и навремено да ги запознае учениците со распоредот, истиот се истакнува на огласна табла во училиштето.

Додатна настава

За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини ќе се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари.

Продолжителна настава

За ученици кои се упатени на поправен испит по завршувањето на наставната година ќе се реализира продолжителна настава.

Консултативна настава

Оваа настава ќе се организира за оние ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на одделни содржини од предметите кои учениците не ги изучувале, го менуваат профилот или струката или се упатени на поправен и испит на годината и за учениците од завршните години во функција на матурата.

Воннаставни воспитно-образовни активности

Слободни ученички активности и натпревари, Општествено – корисна и хуманитарна работа на учениците, ученички екскурзии, здравствена заштита и

здравствено воспитание на учениците, ученички заедници и организации, соработка со локалната средина, соработка со родители, јавна и културна дејност на училиштето, одбележување на месецот на книгата, учество на спортски манифестации, организирање посета на театарски претстави, организирање посета на музеи, организирање на активности по повод Нова Година, организирање на програма по повод патрониот празник, одбележување на 21-ви Март - Ден на Екологијата, учество на Саем за образование, учество на Саем на книгата, одбележување на 24-ти Мај - Ден на словенските просветители, спортски и други натпревари и др.

УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ – ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето се изготвува програма за училишни екскурзии, според Правилникот за изведување на училишни екскурзии од средните училишта, донесен од страна на министерот за образование и наука на 05.03.2013 год.

Програмата ја изготвува стручен тим кој го сочинуваат директорот на училиштето Силвана Кржовска , претставник од Советот на родители, претставник од Училишниот одбор, за раководител на екскурзиите е назначен Владимир Бишковски, класните раководители од сите паралелки, стручните соработници, дел од наставниците кои реализираат настава во паралелките кои одат на екскурзија.

Училишните екскурзии се организираат со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас во најмалку два весници.

Постапката ја спроведува Комисијата за прибирање на понуди формирана со одлука на Училишниот одбор. Комисијата е составена од 5 членови и тоа 3 од Советот на родители и 2 члена од редот на наставниците.Претседател на Комисијатае е еден член од редот на Советот на родители.Во зависност од видот на екскурзијата се одредуваат местата и локациите кои ќе бидат посетени како и правецот на патување.

Стручниот тим изработува ***кодекс на однесување на учениците*** за време на екскурзијата,тој содржи:

- Задолжително почитување на законите на нашата држава и државата во која се изведува екскурзијата,
- Достојно претставување на своето училиште, градот, државата,
- Забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета,
- Забрана за консумирање алкохол,употреба и трговија со дрога,
- Забрана за носење секаков вид на оружје,
- Забрана за оддалечување од групата без дозвола на одговорниот професор.

Врз основа на кодексот на однесување на учениците и нивните родители потпишуваат изјава дека при изведувањето на екскурзијата ќе ги почитуваат одредбите од кодексот.

Ученичките екскурзии претставуваат облик на воспитно-образовна работа кој се остварува преку различни активности надвор од училиштетосо

посета на: природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи, како и техничко-технолошки објекти. Со екскурзиите на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења на учениците, а исто така придонесуваат за развивање на различните интереси на учениците во согласност со целите и задачите на наставните програми и подрачја и воспитно-образовната работа на училиштето.

За таа цел оваа година се планирани еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини на поблиската и пошироката заедница, со културно историските знаменитости на Република Македонија и земјите од Европа.

Ученичките екскурзии можат да бидат:

- Екскурзии поврзани со содржини и теми од наставните планови и програми,
- Завршни екскурзии,
- Стручно-истражувачки екскурзии,
- Спортско-рекреативни екскурзии.

Времетраењето на екскурзиите зависи од видот:

- Завршната екскурзија се организира еднаш во текот на средното образование и може да трае до 6 дена
- Сручно истражувачките екскурзии се организираат еднаш во текот на учебната година и можат да траат 1 до 2 дена,
- Спортско-рекреативните екскурзии се организираат во зависност од видот-кампување од 5 до 7 дена еднашво годината, летните и зимските школи, летувањата и зимувањата се организират во траење од 7 до 10 дена еднаш годишно.

Задачи на училишните екскурзии ќе бидат:

- Развивање на чувство на патриотизам,
- Развивање на позитивен однос кон националните, уметничките, научните и општокултурните вредности во Република Македонија,
- Развивање на чувство на патриотизам,
- Запознавање на други култури, знаменитости, архитектури, уметности и навики во други држави,
- Развивање на позитивен однос кон природата и практикување на еколошки навики,
- Развивање и формирање на позитивен однос кон национални, интернационални и естетски вредности,
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви,
- Поттикнување на позитивни емоции, другарување, социјализација, подобро заемно запознавање,
- Формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства,
- Реализирање на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура на здраво живеење.

Цел на училишните екскурзии ќе бидат:

Училишните екскурзии на учениците имат за цел усвојување и проширување на знаењата, развивање на различните интереси на учениците, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

За таа цел оваа учебна година се планирани еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен, спртско-рекреативен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини на поблиската и поширокатa заедница, со културно-историските знаменитости на Република Македонија и земјите од Европа, како и развивање на култура кон спортот и здраво живеење.

Планирани екскурзии и посети:

I година – реализација на екскурзијата во месец октомври-ноември, април-мај,
II година - реализација на екскурзијата во месец октомври-ноември, април-мај,
III година - реализација на екскурзијата во месец октомври-ноември, април-мај,
IV година - реализација на екскурзијата во месец октомври-ноември, април-мај.

Еднодневни и повеќедневни стручни екскурзии и екскурзии од спортско рекреативен карактер, посета на театарски претстави во земјата и странство, посета на опера и балет, како и посета на музеи во Република Македонија со учениците од I, II, III, IV година ќе се реализираат во согласност со планот и програмите на стручните активи и глобалните планирањата на наставниците.

Забелешка: наведените екскурзии ќе се реализираат според Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии со можност на промена на временските терминит во зависност од временските услови и други оправдани причини.

СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Секое училиштето како воспитно-образовна институција треба да биде поврзана со своето опкружување и да работи на унапредувањата на взаемните односи.

За правилно воспоставување на односите меѓу училиштето и опкружувањето, училиштето треба да го проучи своето опкружување и неговите проблеми.

Односите треба да се градат врз принципот на взаемно влијание, односно училиштето да влијае врз средината, но и да прима од истата сé што е позитивно.

Исто така многу е препорачливо посочената соработка да се насочи на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација на нашите ученици, како и за воспитно делување на истите, со овозможувањето на користење на објектите во непосредна близина (базени,

игралишта, читални, сали, спортски центри и сл.) за реализација на воспитно - образовните задачи на училиштето.

Училиште има долга традиција на соработка со разни институции за реализирање на литературни, ликовни, спортски, драмски, еко, технички активности, меѓу кои би ги истакнале : Град Скопје, Универзитетска библиотека, Факултетите, Музеј на Македонија, Музеј на Скопје, МТВ, приватни ТВ куќи, Македонско радио, Дом на културата Кочо Рацин, Драмски театар, Министерство за животна средина, Центар за Јавно здравје, базен, спортски терени, ЈСП Скопје, Црвен крст на Македонија, Невладини организации.

ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

Нашето училиште има за цел да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да преземат акции за поздрав живот и животна средина.

Активностите од овој домен, планирани се на ниво на училиште и ги опфаќаат сите ученици и вработени во училиштето. Целта на здравствената заштита и здравственото воспитание на учениците во училиштето е изградување здрава личност (ментално, физички и социјално), способна да се грижи за своето здравје и здравјето на семејството, животната околина и заедницата.

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците ќе се остварува во рамките на наставните програми, класниот час, слободни ученички активности и слично.

Дел од програмата ќе биде реализиран во соработка со Поликлиниката Бит Пазар, Епидемиологија, Центар за Јавно здравје, Црвениот крст на РМ итн. Реализацијата на содржините ќе се одвива според програмата за работа.

Во училиштето се превземаат активности за поголема безбедност на учениците и спречување на насилството.

Дел од активностите се секојдневни консултативни средби и разговори со учениците, наставниците и родителите при било какви настани од овој вид за што се води евиденција. Се идентификуваат учениците со девијантно однесување и се следат во текот на учебната година. Со годишната програма за работа е одредено раководителите на паралелките на класните часови да разговараат на теми: Моралниот лик на ученикот, формирање позитивен однос кон соучениците и училишниот имот, разговор со учениците за почетните проблеми на адаптација и вклопување во новата средина (за I година и новопримените ученици), демократија, сожителство, толеранција и солидарност, насилството на телевизијата- апел до медиумите, како се однесуваат дома, на училиште и на улица. Во рамките на наставата функционира проектната активност Мир и толеранција, една од основите функции на оваа проектна активност е ненасилно однесување и разрешување на конфликтите. За да развиеме и потикнеме позитивени морални вредности организираме хуманитарни акции во и вон училиштето. Во училиштето има видео надзор и физичко обезбедување. За редот и дисциплината се грижат дежурните наставници (на секој спрат). По потреба соработуваме со полицијата и со одделот за малоленичка деликвенција.

АКТИВНОСТИ КОИ ГИ ПРЕЗЕМАМЕ ЗА ДА ГО НАМАЛИМЕ И СПРЕЧИМЕ НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

Нашата гимназија СУГС Јосип Броз Тито Скопје има физичко обезбедување од две лица кои работат во 2 смени и тоа прво лице од 7.00ч. до 15.00ч. второ лице од 12.00ч. до 20.00ч. Во периодите на најголема фреквенција на ученици- смена на смени заради поголема безбедност присутни се две лица од обезбедувањето.

Наставата во училиштето за прва смена почнува во 7.30 завршува во 13.15, големиот одмор е од 9.00 до 9.20, за втора смена наставата започнува во 13.30 а завршува во 19.15 големиот одмор е од 15.50 до 16.10.

Во училиштето постојат два влеза, еден за наставници-со електронска картичка за влез, а друг за ученици кој се заклучува по отпочнувањето на наставата, со толеранција од 5 минути.

На влезната врата во двете смени има по двајца дежурни ученици кој носат елеци по кој се препознатливи и водат евиденција на посетителите во тетратка за дежурство.

На секој спрат има дежурен наставник, дежурен наставник во наставничка канцеларија и еден сменоводител во секоја смена.

ПОЛИТИКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

(Училишна политика во рамки на проектот „Намалување на насилството и зголемување на безбедноста во средните училишта на Град Скопје“)

ЦЕЛ ПОЗАДИНА

Гимназијата Јосип Броз Тито-Скопје се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

Цели на политиката

- Да се развива ненасилна етика во училиштето
- Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување
- Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување
- Да се намали насилното однесување во училиштето.

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации возрасен – дете, дете-дете, возрасен –возрасен. Насилство се физички пресметки и физичко казнување, малтретирање, сексуално вознемирување.

Ефекти од насилното однесување се:

- Физички – модринки, грбнатини, посекотини, оштетени алишта и сл.
- Емоционални – повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност....
- Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење
- Образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од школо

Принципи на кои се темели политиката:

- Безбедноста и добросостојбата се една од главните одговорности на нашата училишна заедница
- Почитувањето е основна вредност која овозможува ненасилна комуникација и разрешување на конфликтите
- Ненасилството е единствен одговор кој го прекинува кругот на насилство
- Еднаквост и недискриминација - во нашето училиште сите ученици и вработени се еднакви и не смее да бидат подложени на било каков облик на дискриминација по ниту една основа.

Превенција на насилството

Во нашето училиште пристапот на превенција е застапен за да се придонесе кон намалување на насилството но исто така за да овозможи развивање на различни социјални и комуникациски вештини и конскструктивни начини на справување со проблемите и конфликтите.

- Негување на ненасилна комуникација
- Едукација за ненасилство
- Јасни правила кои сите ги знаат и разбираат
- Применување на медијација за разрешување на конфликти и реализација на обуки на ученици за врсничка медијација
- Мапирање и развивање на мрежа на поддршка со релевантни институции и организации

Улоги и одговорности на сите засегнати страни кои во училиштето придонесуваат за намалување на насилство

Вклучени чинители	Улоги	Одговорности
Директор	• Го води процесот на пишување политиката, акциониот план и училишниот протокол • Се залага за усвојување на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Ја следи имплементацијата на политиката • Поттикнува и преку својот пример ги истакнува вредностите и принципите на кои се заснова политиката • Одлучува за тоа кои постапки ќе се применат за разрешување на	• Одговорен за донесување на полтиката, акциониот план и училишниот протокол • Одговорен за доследно имплементирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Одговорен за почитување на вредностите и принципите на политката • Одговорен за постапките кои се применуваат за разрешување на случаите на насилство • Да воспостави и одржува

	случаите на насилство – во договор со членовите на тимот за намалување на насилство • Одлучува кога ќе се иницира соработка со други институции и организации	соработка со локалната заедница и релевантни институции и организации
Перонал	• Активна улога во воспоставувањето на мерките за безбедност и примената на вредностите и принципите на кои се заснова политиката • Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти	• Одговорни за воспоставување и почитувањето на мерките на безбедност и примената на вредностите и принципите на кои се заснова политиката • Одговорни за начинот на кој комуницираат со учениците, родителите и др. посетители во училиштето
Наставници	• Вклучени во процесот на изработка и донесување на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа • Воспоставување правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови • Ги вклучуваат учениците во активности кои промовираат ненасилство – превентивни активности • Воспоставување на соработка со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училиштето • Соработка со тимот за намалување на насилството во училиштето • Водење евиденција за ситуации на насилство • Пренесување на добрите практики на своите колеги	• Одговорност за имплементирање на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Одговорни за примената и почитувањето на принципите и вредностите во работата со учениците • Одговорни за вклучувањето на ненасилството како вештина и одговор на насилството • Одгорни за воспоставувањето и примената на правила, награди и мерки за корекција на однесувањето на своите часови • Одговорни за пристапите кои ги коистат во справување со насилното однесување • Одговорни за соработката и вклучувањето на учениците и родителите во активностите на училиштето
Ученици	• Придонесуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Вклучени се во планирањето и реализацијата на активностите предвидени со акциониот план • Ги применуваат стекнатите	• Одговорност за спроведување на принципите и вредностите на политката • Одговорнсот за примена на поставените училишни правила • Одговорност за своето

	збаења и вештини за ненасилство, ненасилна комуникација и разрешување на конфликти • Се вклучуваат во проекти, врсничката поддршка и сл.	однесување и комуникација со соученциите и возрасните.
Родители	• Соработуваат и се вклучуваат во изработка на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Соработуваат и се вклучуваат во активностите на училиштето предвидени со акционите планови • Соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот во училиштето	• Одговорност за однесувањето на нивносто дете • Одговорни за својата вклученост и информираност за однесувањето и постигнувањата на детето во училиштето • Одговорност за придржувањето кон правилата во училиштето и прифаќање на принципите за ненасилство и ненасилно разрешување конфликти
Стручни соработници	• Вклучени во процесот на пишување политиката, акциониот план и училишниот протокол • Имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа • Воспоставување на соработка со родителите, информирање и вклучување на родителите во активностите на училиштето • Соработка со други институции и огранизации за случаи на насилно однесување • Советување и примена на различни ненасилни методи за разрешување на ситуации на насилство • Водење евиденција за случаите на насилство	• Одговорни за имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол • Одговорни за примена на ненасилна комуникација и разрешување на конфликти во својата работа • Одговорни за соработка со родителите • Одговорни за соработката со други институции и огранизации за случаи на насилно однесување • Одговорни за разрешуавњето на ситуациите со насилство • Одговорни за евиденција за случаите на насилство
Лок. заедница	• Поддршка и вклучување во имплементација на политиката, акциониот план и училишниот протокол	• Одговорна за следење на имплементацијата на политиката, акциониот план и училишниот протокол

Награди кои се користат за да се поттикне намалување на насилството

Во нашето училиште награди освен за училишните постигнувања се доделуваат и на учениците кои најмногу придонесуваат за почитување и примена на принципите и вредностите на политиката во своето однесување. Овие ученици и наставници ќе бидат избирани преку тајно гласање со кутии поставени во холот на училиштето. За наградите за учениците и наставниците ќе биде одлучено на состанок на органите на училиштето – ученичката заедница, наставнички совет, совет на родители.

Класните раководители воведуваат свои начини на наградување и поттикнување на ненасилството во своите класови во договор со учениците и родителите.

Санкции и корективни механизми за намалување на насилството

Санкциите се изрекуваат во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Освен тоа во нашето училиште предвидуваме дополнителни корективни механизми за поттикнување на одговроноста кај учениците. Како корективни механизми во нашето училиште се сметаат вклучувањето на ученици во вршење на одредени општо корисни работи за училиштето (уредувањето на дворот, чистењето на училниците, подготовки за одредени манифестации, организација на презентации и сл.) Која дополнителна активност ќе биде применета зависи од договорот со стручното лице, родителот и ученикот како дел од разрешувањето на насилното однесување.

Поддршка за учениците

Поддршката на учениците е еден од најважните сегменти во превенцијата на насилното однесување. Поддршката на учениците во нашето училиште ја дава класниот раководител преку континуирано следење на однесувањето на ученикот, потоа во соработка со стручната служба и тимот за намалување на насилство во училиштата се одлучува за дополнителна поддршка на учениците преку вклучување во одредени активности или проекти за стекнување и развивање на социјални и комуникациски вештини, вештини за разрешување на конфликти и емоционална писменост.

Нашето училиште има соработка со Советувалиштето за млади на Црвениот крст на Град Скопје и во одредени случаи ги упатува учениците на советување во ова советувалиште.

Поддршка на наставниците

Поддршката на наставниците ја овозможуваме преку систем на споделување на добри практики во самото училиште. Системот на споделување добри практики подразбира две средби на наставничкиот совет во текот на годината на кои се разговара за позитивните искуства и постигнатите резултати во справувањето со насилството, агресијата и други проблеми поврзани со однесувањето. На овие средби стручните соработници може да презентираат методи на справување со емоциите или други ефикасни примери за справување со насилството, техники на опуштање, емоционална писменост и сл. или наставници кои поминале слични обуки да ги пренесат на колегите.

Оние наставници кои имаат проблеми во справувањето со насилството имаат задача да ги посетат часовите и класните часови на наставниците кои успешно се справуваат со насилствтото и да изработат план за вклучување на искуствата на колегите во својата работа.

Како дополнителна поддршка на наставниците училиштето бара обуки за наставниците кои може да помогнат во справувањето на насилството.

Соработка и вклучување на родителите

Родителите се најважните соработници во заложбата за намалување на насилството во училиштата. Затоа сите сме насочени кон воспоставување, одржување и подобрување на соработката со родителите. Родителите редовно се информираат за сите активности и приоцеси кои се реализираат во училиштето, се бара нивното мислење и учество.

Пристапот кон родителите е пристап како кон соработници и насочен кон разрешување на проблемите со цел да се надмине завземањето страни и јазот помеѓу училиштето и родителите. Родителите се вклучени во процес на советување доколку директорот и стручната служба одлучат дека тоа е потребно за да се овозможи напредување на постигнувањата и однесувањето на ученикот.

Родителите во текот на годината минимум два пати на родителските состаноци реализираат работилници поврзани со родителството, воспитувањето и превензијата на насилното однесување во училиштето.

Родителите исто така учествуваат во донесувањето одлуки за воспоставување на сите мерки на безбедност и планирањето на активностите за превенција односно во изработката на акционите планови на училиштето.

Следење и евалуација на политиката

Следењето и евалуацијата на оваа политика е составен дел на процесот за самоевалуација. Сите политики се евалуирани и ревидирани со целосна вклученост на вработените, учениците, родителите и старателите. Се води документација и евиденција за сите активности кои се реализираат во текот на учебната година и два пати во текот на годината се организираат состаноци на тимот за намалување на насилството за следење на имплементацијата на политиката.

ПРОТОКОЛ ЗА РЕАГИРАЊЕ ПРИ ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Протоколот ги дефинира одговорностите и улогите на членовите на училишната заедница во однос на регулирањето појавата на насилно однесување во училиштето.

Однесување	**Активност – Мерка**	**Лица кои се вклучени**
Сознание за насилството	• Набљудување и собирање на информации	Наставник, ученик/ци,

	кога ќе се појави било кој облик на насилство во училиште • Сомнеавње дека насилството се случува на некое дете врз основа на неговото надворешно однесување или преку добиени индиректни информации на различни релации (ученик-ученик; возрасен – ученик; ученик- возрасен; возрасен – возрасен) • Охрабување за пријава на насилно однесување, директно (до возрсаните (училиштен кадар, родители) или индиректно и анонимно (преку кутии за пријавување на насилното однесување). • Евидентирање на насилството	родители Наставник, ученик, класен раковидител Наставник, класен раководител, стручни соработници, родители, ученици Класен раководител, стручен соработник
Прекинување на насилството	• Наставникот, класниот раководител или било кој друг возрасен треба веднаш да реагира за да го прекине насилството • Доколку наставникот процени дека нема да може самоиот да ја прекине ситуацијата потребно е да побара помош од училишното обезбедување, полиција или друг возрасен или стручен сорботник • Ги раздвојува учениците доколку се работи за физика пресметка • Повикува или пружа прва помош при повреди • Доколку се работи за малтретирање се бара прекин на интеракција помеѓу вклучените страни • Во случај на сајбер насилство може да се побара отстранување на содржини објавени на интернет или запирање на понатамошно споделување на содржини (слики, пораки и сл.)	Класен раководител, стручен соработник Класен раководител, родител/старател, полиција
Смирување на ситуацијата	• Наставникот обезбедува сигурност за ученикот/учениците • Користење на техники за емоционална контрола – техники на дишење и сл.	Класен раководител, стручен соработник, наставник

Разрешување на ситуацијата	• Консултации за тоа кој пристап или постапка за разрешување на ситуацијата ќе се примени • Примена на вештини за разрешување конфликт • Советодавни разговори • Репаративни пристапи • Изрекување на педагошки мерки • Изрекување на други методи за санкционирање (дополнителен ангажман во училиштето и сл.) • Постигнување/потпишување на договор за подобрување на однесувањето, неповторување на делото • Советување и соработка со родителите • Вклучување, соработка и/или препрапаќање во други институции	Директор, класен раководител, стручен соработник Класен раководител, стручна служба и родител, ученик/ци Стручна служба и родител, ученик/ци Стручен соработник, класен раководител Класен раководител Стручен соработник и директор Класен раководител Стручен соработник и директор, родител Центри за социјална работа, сос телефони, НВО, ценрти за ментално здравје, други здравствени установи и сл.
Пишување извештај	• Извештај за целиот процес на реагирање на насилството • Во извештајот се предлагаат други превентивни мерки (организирање на дебати, проекции на филмови и сл,)	Стручен соработиник, класен раководител,

ПРОТОКОЛ

1. УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВ КОЈ КОГА И НА КОЈ НАЧИН ИНТЕРВЕНИРА

Дежурниот наставник
- дежура
- воочува и пријавува случај на насилство
- реагира во случај на насилство
- го известува раководителот на паралелката
- го евидентира случајот, соработува со Тимот

Раководителот на паралелката
- го воочува случајот на насилно однесување и реагира веднаш
- го спречува насилството
- разговара со учесниците
- ги информира родителите и обавува разговор со нив
- по потреба соработува со службата и Тимот
- ги следи резултатите од преземените мерки
- го евидентира случајот и води документација

Стручна служба
- ги воочува случаите на насилно однесување и реагира одма
- го известува раководителот на паралелката и соработува со него
- по потреба разговара со родителот
- предлага мерки за заштита
- ги следи ефектите
- по потреба соработува со други установи
- го евидентира случајот

Технички персонал
- дежура
- го прекинува насилството и го пријавува

Учениците
- воочуваат случаи на насилно однесување
- бараат помош од наставниците
- пријавуваат на раководителот на паралелката или на друг наставник

2. ЕВИДЕНЦИЈА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Датум на случување на насилство _____

Место на случување на насилство
- во двор
- училница
- во ходник

- тоалет
- надвор од училиште

Време на случување на насилство

- пред часови
- по часови
- за време на одморот
- -за време на 1,2,3,4,5,6,7 час

Начин на откривање

- лично видено
- со известување од сведок
- со известување од родител
- со известување од жртвата

Лицето кое е жртва _____

Лицето кое врши насилство _____

Насилството се случува
- прв пат
- се повторува

Краток опис на насилството
_____

Видот на интервенција_____

Предложени мерки _____

Вреднување и процена на ефикасноста од преземените мерки _____
_____

МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Одбележување на Еко денови од еколошки календар; Денови на етнички заедници	Да се запознаат учениците, родителите и средината со еколошкиот календар и другите денови	Наставници; родители; ученици; надворешни соработници	Приредби; базаар; собирни и хуманитарни акции; изложби	Септември; Октомври; Март; Април; Мај	Програма за работа; предавања	Подигање на еко свеста; подготвеност за идните проектни активности;

Месечен извештај за спроведените активности; поставување на цели и планирање на активности за наредниот месец	Да ја согледаат успешноста на реализираните активности;	Наставници; ученици; надворешни соработници	Состаноци	Еднаш месечно во периодот од октомври до јуни;	Програма и дневник за работа; извештаи; записници;	Успешна реализација на програмата за работа;
Изработка на програма за кампања во училиштето	Да се запознаат учениците и вработените со целта на кампањите;	Вработени; ученици; родители	Состаноци; кампања; продажни изложби; собирни акции	Ноември; Декември; Март; Април	Програма за работа; списанија; слики; интернет; постери и флаери	Зголемување на личната одговорност за зачувување на животната средина;
Запознавање со методологијата за снимање на состојбата во училиштето во врска со создавањето на отпад; потрошувачката на енергија и вода	Да се едуцираат учениците за проценка на тековната состојба во училиштето и за спроведување на анкети и интервјуа;	Наставници; ученици	Состаноци; анкети; интервјуа; извештаи; видео записи; калкулатор	Декември; Април	Програма за работа; дневник за работа;	Подготвеност за анализа на тековната состојба;
Спроведување на резултатите од активностите	Да се воочи разликата од моменталната состојба	Наставници; ученици;	Плакати; презентации	Јануари; Мај	Формулари; извештаи; дневници; слики; резултати од извршените мерења; сметки за вода и струја;	Сознанија за моменталната состојба во училиштето;
Инфо на веб страна на училиштето	Да се информира јавноста за еколошките активности во и надвор од училиштето;	Еко- тим; ученици;	Извештаи; фотографии; презентации	Цела учебна година	Интернет; Лични творби (ликовни и литературни) извештаи; слики;	Промовирање на грижливо однесување кон животната средина; подигање на еко свеста;
Подготовка и едукација на останатите ученици во училиштето; чист двор и училиште;	Да се подобри однесувањето на учениците;	Наставници; ученици;	Анкети; состаноци	Септември; Февруари; Март	Предавање;	Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност;
Одбележување на еколошки ден (Октомври, 5ти Март; 21ви Март;22 Април, 15ти Мај);	Еколошки да се едуцираат учениците и поширокатa заедница;	Наставници; ученици; локална средина	Кампања; еко акции; изложби	Октомври; Март; Мај;	Лични творби; предавања; извештаи	Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност;
Вклучување на Локалната заедница; Полициската станица; Водовод и канализација;НВО и Комунална хигиена во училишните еко активности;	Соработка со институциите во поширокатa заедница;	Наставници; ученици; претставници од институции;	Состаноци; Еко акции; дефиле; кампањи	Октомври; Декември; Март; Мај;	Инфомативен материјал; прибор за работа;	Поддршка од страна на заедницата; подигање на јавната свест;

Реализација и изработка на фото изложба на тема ЕКО ГРАД и ЕКО СЕЛО	Да се подигне свеста во околината	Ученици и наставници	Фотографии; изложби; извештаи	Септември; Април	Фото записи, извештаи	Подигање на еко свест
Реализација од истражувањето за ЗДРАВА ХРАНА	Здрави навики	Ученици и наставници	Кампањи; приредби; саеми; хуманитарни акции	Ноември; Април	Материјали, интернет, дневници, тв емисии	Стекнување здрави навики
Изработка на портфолиа на еко тимовите	Да се презентираат резултатите	Наставници; ученици; родители; надворешни соработници	Состаноци; презентации	Јуни	Материјалите од работата; записници, слики	Подигање на еколошката свест
Информирање за еко работата во училиштето	Да се промовираат резултатите од еко активностите	Наставници; ученици; родители; надворешни соработници	Состаноци; медиуми	Тековно	Готови материјали; изработки; плакати; презентации; фотографии	Промовирање на училиштето во средината и пошироко
Запознавање со животната средина	Да се запознаат со природните ресурси	Наставници	Еко-прошетки	Тековно-сезонско	Интернет; фотографии; превозни средства	Проширување на стекнатите знаења

СУГС Гимназија „ Јосип Броз Тито „Скопје

П Р О Г Р А М А

за организација на наставата и другите
активности од воспитно образовниот процес
во учебната 2018/2019 г.
во паралелките со

Диплома програмата на Меѓународна матура

Координатор
Д-р Гордиана Ѓоргова

Јули 2018

Мисија на Организацијата на Меѓународна матура

Организацијата на Меѓународна матура има за цел да создаде љубопитни, образовани и чувствителни млади луѓе кои ќе помогнат да се создаде подобар и побезбеден свет преку интеркултурно разбирање и почитување.

За да ја постигне оваа цел, Организацијата на Меѓународна матура соработува со училиштата, владите и меѓународните организации за да развие квалитетни програми за меѓународно образование и ригорозен систем на оценување.

Овие програми ги поттикнуваат учениците низ целиот свет активно да се образуваат во текот на целиот свој живот и да прифатат дека другите луѓе кои се различни од нив исто така може да бидат во право.

Профилот на ученикот во програмата Меѓународна Матура

Целта на сите програми од меѓународна матура е да развива луѓе со интернационален дух, развивајќи ја нивната заедничка хуманост и лидерска улога во зачувувањето на животната средина и во создавање на подобар и помирен соживот во светот.

Како ученици на ММ ние се стремиме да станеме :

Истражувачи

Ние ја развиваме нашата природна љубопитност и развиваме вештини неопходни за откривање и истражување. Знаеме како да учиме самостојно како и во соработка со други. Учиме со ентузијазам и наклоноста кон учењето ја негуваме низ текот на целиот живот.

Потковани со знаење

Ние го развиваме и употребуваме концептуалното размислување, истражувајќи го знаењето низ цела низа на дисциплини. Се интересираме за концепти и идеи кои имаат локално и глобално значење.

Ученици кои размислуваат

Ние ги употребуваме способностите за критичко и креативно размислување со цел да анализираме и да превземаме одговорни дејствија за решавање на комплексни проблеми. Ние превземаме иницијатива во донесување на разумни и етички одлуки.

Ученици кои комуницираат

Ние се изразуваме со сигурност и креативност на повеќе од еден јазик и на многу начини. Ние соработуваме ефективно, слушајќи ги со внимание перспективите на другите поединци и групи.

Принципиелни

Ние се однесуваме со интегритет и чесно силно изразена смисла за праведност, и правда и искажуваме почит кон достоинството и правата на луѓето насекаде. Ние превземаме одговорност за своите дела како и за последиците кои настануваат поради нив.

Со широк поглед на светот

Ние критички се осврнуваме и ги вреднуваме своите култури и лични истории, и сме отворени кон вредностите и традициите на другите. Ние бараме и вреднуваме најразлични мислења и сме подготвени да созреееме и да се изградуваме низ вакви искуства.

Сочувствителни

Ние покажуваме сочувство со другите и почит. Ние лично и самите се одредуваме кон волонтерска работа за другите во општеството и делуваме во насока на позитивни промени во животите на другите и на светот околу нас.

Прифаќаме ризик

Ние им приоѓаме на непознатите и неизвесни ситуации со храброст и размисла. Работиме независно и соработуваме со други за да истражиме нови идеи и иновативни стратегии. Ние сме снаодливи и истрајни во справување со предизвиците и промените.

Урамнотежени

Ние ја разбираме важноста на интелектуалната, физичката и емотивната рамнотежа за да може да постигнеме благосостојба за себе и останатите. Ја прифаќаме меѓусебната зависност со другите луѓе и со светот во кој живееме.

Ученици кое се осврнуваат на искуствата

Ние темелно го разгледуваме светот и нашите сопствени идеи и се осврнуваме на искуството. Работиме со цел да ги процениме своите јаки страни и ограничувања со цел да го подобриме своето учење и личен академски развој.

Профилот на ученикот на Меѓународна матура ги претставува 10те атрибути кои се вреднувани од училиштата на меѓународна матура. Ние сметаме дека овие атрибути и други слични на нив можат да им помогнат на

поединците да станат одговорни членови на локалните, националните и глобалните заедници

Организација на Меѓународна Матура 2013г.

Цели на диплома програмата:

Диплома програмата е академски ригорозна и балансирана програма која се изведува во континуитет од две учебни години во текот на трета и четврта година гимназиско образование за ученици од 16-19г. На крајот од четврта година учениците полагаат екстерни испити на меѓународна матура по сите предмети за материјалот од двете години.

Диплома програмата ги подготвува учениците за успех во понатамошното високо образование и во животот воопшто. Таа е конципирана така да го поттикне интелектуалниот, социјалниот и емиоционалниот развој на учениците. Оваа програма е признаена и респектирана од светските водечки универзитети. Диплома програмата ги подготвува учениците за ефективно учество во брзо променливото и глобално општество.

Ги поттикнува да:

- се постигнат физички, интелектуален, емоционален и етички развој.
- да стекнат проширени и продлабочени знаењеа и разбирање, изучувајки предмети од 6 групи на предмети.
- да развијат вештини и позитивенн став кон учењето што ќе ги подготви за високо образование.
- да изучуваат барем два јазика и да го зголемат разбирањето на културите вклучувајќи ја и сопствената.
- да воспотавуваат врски помеѓу традиционалните академски дисциплини и да ја истражуваат природата на спознанието преку курсот за Теорија на спознанието кој е специфичен за оваа програма.
- да превземаат продлабочено истражување во некоја област од интерес преку изработка на матурскиот истражувачки есеј.
- да го зајакнат личниот и интерперсоналниот развој преку програмите за Креативност, Акција и Сервис т.е. КАС програмата.

Диплома програмата за Меѓународна матура во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ во Скопје се изведува од учебната 1996/97 година.

Бројна состојба:

Програмата за Меѓународна матура во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„ во Скопје во учебната 2018/2019 г. ќе се изведува во две паралелки една во трета година III-13 со 20 ученици и една во четврта година IV-14 со 20 ученици.

Распоред:

Во програмата со Меѓународна матура наставата ќе се реализира во две смени и тоа во смена со трета и четврта година. Покрај предвидените часови за наставните предмети учениците изведуваат и задолжителни КАС активности кои се изведуваат во партнерски институции и за кои распоредот е индивидуален за поедини ученици или група во зависност од активноста и институцијата каде се реализира.

Класно раководство и наставен кадар:

Координатор на програмата со меѓународна матура е
Д-р Гордиана Ѓоргова, проф. по англиски јазик и литература.

Класни раководители на паралелките со меѓународна матура се:

III- 13 Д-р Гордиана Ѓоргова
IV- 14 Весна Талеска Узунова

Предметни професори:

Македонски А	Д-р Ана Младеновска Георгиева
Англиски Б	Д-р Гордиана Ѓоргова
Математика	Зоран Георгиев
Хемија	Ксенија Хаџитосева-Аврамчева
Географија	Силвана Кржовска
Визуелни уметности	М-р Ангелина Дамјаноска-Наумоска
Теорија на Спознанието	Весна Талеска-Узунова
КАС Координатор	Кристина Павловска

Организација на наставниот и воспитниот процес:

Наставата се изведува на македонски и на англиски јазик. Наставниот план и предметните програми се определени во согласност со Диплома програмата на Меѓународна матура и правилникот за училишта кои се верифицирани за изведување на настава според оваа програма објавен од страна на Организацијата на меѓународна матура.

Во програмата на меѓународна матура учениците се запишуваат на конкурс и полагаат приемни испити. Според упатство издадено од страна на Министерството за образование и наука во април 2013г. трошоците за реализација на диплома програмата на Меѓународна матура ги сноси министерството за образование и наука. За програмата на Меѓународна матура Министерството за образование плаќа годишна уписнина за членство на Организацијата на Меѓународна матура и ги покрива трошоците за реализација на програмата и испитните такси за учениците како и трошоци детално наведено во упатството. Доколку учениците постигнат незадоволителен

резултат на испитите и сакаат да преполагаат еден или повеќе испити трошоците ги сносат сами.

Во текот на двете години (III и IV) во континуитет се изучуваат следните предмети:

Македонски А на високо ниво со неделен фонд од 5 часа
Англиски јазик Б на високо ниво со неделен фонд од 5 часа
Математика на високо ниво со неделен фонд од 5 часа (во трета година) и 7 часа (во четврта година)
Математика на стандардно ниво со неделен фонд од 5 часа
Хемија на стандардно ниво со неделен фонд од 4 часа
Географија на стандардно ниво со неделен фонд од 4 часа
Визуелни уметности на стандардно ниво со неделен фонд од 4 часа
на високо ниво со неделен фонд од 6 часа

Покрај овие предмети учениците задолжително имаат настава по предмет: Теорија на спознанието со неделен фонд од 2 часа, а исто така мораат задолжително да остварат минимум 150 часа КАС слободни активности во текот на двете години.

За да се стекнат со диплома на меѓународна матура учениците мора да изработат и матурска истражувачка работа од некој од предметите кои ги изучуваат во обем од 4000 зборови.

Во планирањето на наставата професорите поаѓаат од програмските документи -прирачници (Subject Guides) издадени од Организацијата на меѓународна матура, а се користат учебници и придружна литература која е посочена во прирачниците. Учебниците се набавуваат странски издавачи од Австралија или Велика Британија. Учебниците им се даваат на користење на учениците, а на крај на програмата во четврта година ги раздолжуваат во училиштето.

Професорите изработуваат годишни планови за работа како и тематски и дневни подготовки, а за својата работа и реализацијата на наставниот процес поднесуваат извештај два пати во годината (на крајот на полугодие и на крај на учебна година а на крајот на секое тромесечје даваат кус извештај за реализација на програмата на англиски јазик како и извештај за успехот на учениците за кој се информираат родителите).

Во својата работа наставниците се должни да се придржуваат до (Code of practice for teachers) Кодекс на однесување на наставниците кој е заеднички усвоен од страна на наставниците кои предаваат во програмата на меѓународна матура, а е во согласност со правилата кои се однесуваат на училишта кои се верифицирани за изведување на меѓународна матура.

Во реализацијата на програмата училиштето е обврзано да се придржува до упатствата и календарот за работа и активности кои ги објавува Организацијата на ММ секоја година во прирачник за реализација на наставата каде се содржани сите упатства, процедури, рокови и формулари поврзани со реализацијата на програмата.

Во реализација на наставата на професорите им стои на располагање (Online Curriculum Centre) кој преку интернет на секој професор му нуди информации и можност за соработка со други наставници кои предаваат ист предмет од други училишта.

Во реализација на своите обврски координаторот на меѓународна матура е обврзан секојдневно да се логира и да ја користи заштитената мрежа IBIS преку која се администрира целата програма, се внесуваат електронски резултати за секој ученик за внатрешно оценување, се пријавуваат за испити и се чува архива на сите ученици – архивирани со персонален код (Code for life) кои биле регистритрани и полагале испити на диплома програмата.

Следење на постигањата, документ за начин на оценување, матурски испит

Во текот на двете години континуирано се следи работата на учениците како според стандардите и барањата на програмата на меѓународната матура така и според законските прописи за следење на постигањата на учениците, редовноста и поведението кои важат за учениците кои следат настава по националната програма за гимназиско образование во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“.

Наставниците кои предаваат во програмата на Меѓународна матура имаат како водич политика на оценување или (School Assessment Policy) документ кој е составен дел на прирачникот за ученици и дава јасни насоки за процесот на оценување на постигањата на учениците во диплома програмата на меѓународна матура.

Оценувањето во програмата за меѓународна матура е комбинирано со елементи на екстерно и интерно оценување по сите предмети. По сите предмети 20% до 40% од оценката се изведува интерно додека останатиот дел се оценува на екстерни тестови.

Оценувањето се изведува според строго утврдени критериуми за секој предмет или дел, задача и вештина и е со оценки од 1 до 7.

Паралелно со тоа, успехот на учениците се следи и се оценуваат и со оценки од 1 до 5 кои се запишуваат во дневник според правилата за водење на педагошка евиденција и документација на Република Македонија.

На крајот на трета година, учениците полагаат завршни испити кои интерно се оценуваат. Начинот на оценување е во согласност со начинот на кој се изведува конечната оценка по секој предмет, но се однесува на обемот на материјал и вештини кои се обработуваат во трета година. На крајот на трета година на учениците им се издаваат свидетелства за завршена трета година меѓународна матура.

Во четврта година во текот на првата недела од април се одржуваат пробни испити како подготовка за екстерните матурски испити во мај.

Испитите за меѓународна матура за учениците од четврта година се одржуваат по сите предмети во мајската испитна сесија која вообичаено започнува на 2 мај, а завршува на 23 мај. Испитите се полагаат во училиштето,

а се испраќаат на оценување на испитувачи во странство со пратки на брза и доверлива пошта со достава преку курирска служба.

Со документ издаден од Министерството за образование во април 2011г. од учебната 2010/2011г. на учениците кои следат настава според програмата на Меѓународна матура на крајот на четврта година им се издава свидетелство за завршена четврта година врз основа на резултатите постигнати во текот на наставната година внесени во педагошката документација која се води на македонски јазик.

За да се стекне со диплома на меѓународна матура ученикот мора да ги исполни сите услови за стекнување на диплома кои се наведени во правилникот за меѓународна матура издаден од страна на Организацијата на Меѓународната матура, а чии што општи одредби се преведени на македонски јазик.

По објавување на резултатите на екстерните испити од страна на Организацијата на Меѓународна матура на 5 јули на учениците кои се стекнале со Диплома на Меѓународна матура им се издава диплома за положена Меѓународна матура на македонски јазик.

На учениците кои нема да ги исполнат условите за добивање на диплома не им се издава диплома за завршена Меѓународна матура.

За учениците кои сакаат да полагаат повторно испити на Меѓународна матура за да го подобрат вкупниот резултат се организираат поправни испити во уште две испитни сесии. Тоа може да биде сесијата во ноември или во мај. За поправните испити учениците плаќаат такси за поправни испити според скалата за такси објавена во прирачникот на меѓународна матура и поштарина за испраќање на истите на оценување.

Со документ од Министерството за образование и наука бр 11-4224/2 од 28.05 2008г. на учениците кои завршуваат програма за меѓународна матура им е дозволено да ја полагаат и државната матура. Тоа учениците можат да го сторат во испитните рокови предвидени според правилникот за реализација на државната матура.

Во однос на пријавувањето и реализацијата на испитите од државната матура учениците се придржуваат кон пропишаните услови и термини од страна на Државната матурска комисија и училишната комисија за полагање на државна матура.

Квалитетот на изведувањето на наставниот процес предвидено е да се следи со систем на евалуација за секој наставник- преку анонимни анкетни ливчиња на полугодие и на крајот на наставната година.

Реализацијата на програмата се следи од страна на Организацијата на Меѓународна матура преку систем на евалуација на циклуси од 5 години. Во текот на 2017/2018 училиштето го спроведуваше петтиот циклус на самоевалуација кој треба да финализира во октомври 2018.

Задолжителни ученички активности : КАС програма

КАС Координатор Кристина Павловска

Слободните ученички активности се нарекуваат КАС програма што подразбира креативност, акција и сервис. За да се стекне со диплома во текот на двете години ученикот мора задолжително да оствари минимум 150 часа и тоа по 50 часа минимум од секоја активност.

Овие активности и во учебната а 2018/2019 ќе се остваруваат во соработка со одредени институции во градот и тоа :

1. Организација на црвен крст
2. Прва детска амбасада ,,Меѓаши“
3. Детски градинки ,,13 Ноември“
4. Дом за стари лица ,,Мери Терзиева“
5. Дебатна програма на Младински Образовен Форум-
6. Дом на хуманитарни организации ,, Даре Џамбаз“
7. Дом за деца без родители,,11 Октомври“
8. Средно училиште за образование и рехабилитацијана ученици со посебни потреби,, Св Наум Охридски.
9, НВО ,,Отворете ги прозорците“
10. Македонски Модел на Обединети нации
11. Модел на Европски парламент
12.Еколошки друштва и невладини организации за заштита на природната средина;
13. Културно уметнички друштва, хор, оркестар
14. Спортски организации и друштва, фитнес клубови, базен и др.

Можна е и соработка со други организации во зависност од интересот на учениците и потребите на општеството.

Во рамките на КАС активностите учениците ќе посетуваат и курс за дебата- дебатен клуб во организација на Младинскиот образовен форум. Преку оваа активност учениците ги совладуваат вештините на организирано говорење и презентирање на аргументи. Покрај редовните вежби и планирано е учениците да земат учество и во натпревари како во земјата така и во странство и редовно да посетуваат семинари за обука.

Исто така учениците ќе бидат активни во Клубот на Македонскиот Модел на Обединети нации и Модел Европски Парламент каде ќе земаат активно учество на конференции во нивна организација.

Во КАС активности спаѓаат и спортски активности кои се изведуваат по избор на ученикот. Вид на активности кои учениците е предвидено да ги изведуваат се: пливање, фитнес, аеробик, кошарка, скијање, стрелаштво, планинарење. Активностите ќе се одржуваат или под менторство на наставник од гимназијата или на стручен соработник од некој тим.

За организацијата на КАС активностите е одговорен КАС координаторот кој изготвува план и распоред за реализација на активностите

на секој ученик поединечно, ги упатува учениците во активностите и ја надгледува работата на учениците преку посета на институциите.

КАС координаторот води евиденција за реализираните часови кои учениците ги запишуваат во КАС дневник и подготвува извештај два пати годишно за активностите на секој ученик. Овие извештаи се доставуваат до Координаторот на програмата

Академски престој на ученици од САД во СУГС Гимназија Јосип Броз Тито во Скопје во учебната 2018/2019г.

Во рамки на соработката помеѓу Министерството за образование и наука и Американските совети за меѓународно образование офоцијализирана со меморандум за разбирање помеѓу двата субјекти предвиден е академски престој на 2 ученици од САД во СУГС Гимназија Јосип Броз Тито во Скопје во учебната 2018/2019 .

Условите за нивниот престој во училиштето се договорени со Меморандум за разбирање потпишан од МОН и Американските совети за меѓународно образование од Вашингтон ДЦ. Трошоците за престој сместувањето учебниците и останатите обврски околу грижата за учениците се обрска на Американските совети и нивните семејства домаќини во Република Македонија.

Се очекува оваа соработка да допринесе за реализирање на многу активности во училиштето и за взаемно продлабочување на знаењата на учениците за културата и општеството во Република Македонија и САД и овозможување на размена на искуства преку учество во заеднички проекти.

Ориентација за новите ученици, дополнителна и додатна настава

На почетокот на учебната година предвидена е една недела на активности за ориентација на новите ученици според програма во која на учениците им се доставуваат сите потребни информации за новата програма и преку работилници и запознавање со предметните професори и постарите ученици им се пренесуваат искуства во врска со програмата на меѓународна матура. Исто така КАС координаторот во соработка со учениците од четврта година ги упатува учениците во видовите на КАС активности и начинот на реализација и вреднување на истите.

По сите предмети како и поради специфичноста на барањата на програмата на Меѓународна матура предвидено е реализирање на дополнителна и додатна настава. Предметните професори во рамките на своите планови за работа планираат изведување на дополнителна настава во рамки на подготовките за испитите и посебна консултативна настава во врска со изработката на матурските теми, семинарските работи и практичните лабораториски вежби или групни проекти. Оваа настава се изведува групно (во помали групи, или индивидуално во зависност од предметот).

Покрај тоа предвидени се и менторски индивидуални часови за упатување на учениците за изработка на матурските теми Extended essays и учениците се упатуваат во процесот на истражување на ресурси и начин на цитирање на извори. Од страна на училиштето на учениците им се доделува прирачник за изработка на матурскиот есеј и прирачник за користење на извори, цитирање и академска чесност. Секој ментор на матурските теми е задолжен да изврши индивидуални консултации со ученикот од 4-6 часа.

Советување за избор на факултет, постапка за пријавување на факултет преку системи за апликации во странство и професионално ориентирање на учениците

Посебно внимание во програмата за меѓународна матура се обрнува на информирањето на учениците за можностите и постапката за запишување и аплицирање на факултет како во земјата така и во странство. Координаторот во соработка со Американското катче, ресурсниот центар на Британскиот совет и Образовниот информативен центар организира презентации како и индивидуални консултации околку изборот на факултет и можностите за добивање на стипендија. Се организираат и презентации на странски универзитети и факултети со кои училиштето има воспоставено долгогодишна соработка. Исто така во рамки на повеќегодишната соработка и покана од високообразовни институции во странство предвидени се едукативни посети на доброволна основа поради запознавање на учениците со условите за студирање и професионално ориентирање.

Предвидени се посети од страна на образовни консултанти од Универзитетот „Џон Кабот“ од Рим Италија, Универзитетот „Вебстер“ од Виена, Австрија, од Институтот за меѓународно образование од Будимпешта, Њу Јорк Универзитетот од Абу Даби,, Сити Колеџот на Универзитетот Шефилд и други, Американскиот земјоделски Колеџ Димитрис Перотис, Американскиот универзитет од Солун, Американскиот универзитет од Благоевград, Групација на факултети од Холандија, Лајден Универзитет, Еразмус Универзитет и др. и др.

Покрај тоа предвидени се и презентации на поедини факултети од Скопје и републиката во училиштето и посета на саемот за стипендии Стипендии Експо 2018 и саемот за образование и посета на Британскиот ресурсен центар.

Во текот на целата година со учениците од трета и четврта година се изведуваат и часови за професионално ориентирање и избор на факултет. Покрај тоа координаторот на Меѓународна матура во текот на месеците октомври, ноември и деќември во улога на советник им помага на учениците во процесот на пријавување на странските универзитети преку платформите на Common Applications, UCAS и други системи.

Програма за развој на лидерски вештини кај учениците

Од учебната 2018/2019 година предвидено е повторно да се воспостави програмата за развој на лидерски вештини. Веќе три години по ред програмата за развој на лидерски вештини се реализира како активност на паралелката од трета година во меѓународна матура. Поради успехот на истата предвидено е

од следната учебна година во рамки на класните часови да се воспостави во останатите паралелки со трансфер на знаења на останатите ученици.

Програмата опфаќа презентации изготвени од страна на учениците на теми како планирање на времето, пишување на куса биографија и мотивациско писмо, мотивација, вештини за учење, упатство за изработка на мини проекти, лидерски вештини и сл.

Соработка со други институции, посета на изложби, екскурзии, учество на семинари, работилници и др.

Во рамките на предметот хемија учениците треба да изработат лабораториски вежби како и групен проект кој ќе се работи во соработка со некоја институција заради користење на лабораторија и технички услови за изведување на вежбите и проектот. Дел од вежбите се реализираат во кабинет по хемија. Во рамките на предметот визуелни уметности учениците постојано организирано посетуваат изложби во изложбените простори во градот, а учениците од четврта година подготвуваат матурска изложба по визуелни уметности.

Завршна изложба по реализираниот завршен испит се реализира во соодветна галерија. Планирано е и оваа учебна година изложбата да биде во Националната галерија мала станица како простор кој е професионален и блуску до училиштето. Изложбата ќе биде отворена за јавност во текот на една недела.

Во текот на наставната година предвидени се екскурзии и излети кои се во согласност со годишната програма за работа на училиштето.

Исто така во рамки на програмата за меѓународна матура се предвидува реализација на едукативна посета на музеи и галерии во соседните земји и пошироко во зависност од интересот на учениците и локацијата на актуелните изложби.

Во рамките на редовната соработка со други институции предвидена е соработката со Народната и универзитетска библиотека ,,Св.Климент Охридски“ како и со институции како Државен завод за статистика, Институт за земјотресно инженерство, Музеј на Современа Уметност Скопје и Национална Галерија на Македонија и други институции од каде учениците добиваат информации за семинарските работи.

Презентации и работилници со гости предавачи

Предвидени се и предавања од гости предавачи барем еднаш во текот на месецот во рамки на наставните предмети и нивна поврзаност со предметот ТОК.

Особено е развиена соработката со Американското катче (American Corner) во чија библиотека бесплатно членуваат учениците и често пати организирано посетуваат презентации и работилници од разновиден карактер.

Во текот на следната учебна година ќе продолжи и менторската програма на поранешните ученици на програмата за меѓународна матура „Coming Home to Shine“ со презентации на поранешни ученици еднаш во месецот и поединечни средби на менторите со учениците од четврта година.

Меѓународна соработка на учениците од паралелката со меѓународна матура студиска размена на ученици, взаемни посети и размена на искуства со други училишта на М М надвор од земјата

Диплома програмата на Меѓународна матура подразбира мобилност на учениците и меѓународна соработка па гимназијата Јосип Броз Тито има воспоставено долгогодишна соработка со неколку училишта во соседството и поширокиот регион во смисла на учество на учениците во младински фестивали и работилници.

За оваа учебна година 2018/19 предвидено е воспоставување на соработка и студиска размена на ученици од партнер училиште со програма на Меѓународна матура од Катовице, Полска. Целта на оваа размена е воспоставување на активна соработка во однос на наставата, размена на искуства, заемно користење на ресурси и надминување на меѓукултурни бариери. Размената е предвидено да се реализира на доброволна основа според интересот на учениците. За таа цел во февруари 2018г. изготвен е меморандум за соработка помеѓу СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито „ од Скопје и III Гимназија „ Адам Мицкиевич “од Катовице Полска. Соработката ќе се одвивапо принцип на студиска посета на 15 ученици и 2 професори во втората половина на октомври на Катовице и 15 полски ученици и 2 професори во првата половина од ноември на Скопје. Темата на посетата ќе биде промоција на локалните туристички можности. Учениците и професорите ќе бидат сместени во домашен престој кај домаќините.

Исто така предвидена е соработка со Прва гимназија од Сараево со партнерските училишта од VI Гимназија од Белград и Гимназијата Слободан Шеќеровиќ од Подгорица. Предвидено е учество на 6 ученици и 2 професори со посета на сараево а потоа и возвратна посета во Скопје. Проектот е финасиран од RYCO од ЕУ фондови.

Во рамки на проектот кој е во тек со регионално поврзување на 6 земји од балканот претсои гостување во Црна Гора во подгорица и посета хна Загреб во октомври 2018г. за ушество во работилница за апликација за ЕУ грантови.

Во рамките на повеќегодишната соработка со Втора гимназија од Марибор, Словенија предвидено е учество на Спринг фестивал со учество на 6 ученици и еден професор за придружба во текот на април 2019 г.

Исто така предвидено е учество на Меѓународен Економски Форум во Гимназијата Руѓер Бошковиќ од Белград Србија со учество на 3 ученици и 1 професор во текот на мај 2019 г. За учеството на учениците се плаќа котизација, а се семстени од страна на организаторот.

Предвидено е и учество на 6 ученици од тимот на Модел на Обединети нации на меѓународна конференција БаЛ МУН 2019 во Бања Лука во Босна и Херцеговина во април 2019 г. За учеството се плаќа котизација, а учениците се сместени во семејства.

Соработка со родителите

Предвидена е и соработка со родителите која ќе се одвива преку заеднички родителски средби пет пати во годината, а исто и поединечни консултации на родителите со предметните професори, менторите, класните раководители и координаторот. Оваа соработка ќе се одвива во термините кои за тоа се определени според распоредот.

Стручно усовршување на наставниците

Во согласност со барањата на програмата на Меѓународна матура и стандардите за реализација на програма предвидено е задолжително стручно усовршување на наставниците кои предаваат во програмата на Меѓународна матура. Според календарот за евалуација на програмата на Меѓународна матура неопходно е наставниците да поминат циклус на обуки акредитирани од ОММ. За таа цел се изработува посебен план за професионален развој во согласност со потребите на наставниците и распоредот на семинари кој се објавува од страна на Организацијата на меѓународна матура. За оваа учебна година предвидено е учество на семинар на професорите по Теорија на Спознание, КАС координаторот и тројца предметни наставници. Поради промена на позицијата Директор на училиштето неопходно е учество на директорката на годишната коференција за лидерски тимови (директори и координатопри на Организацијата на меѓународна матура во Виена Австрија.
Исто така неопходно е наставниците да посетуваат семинари и работилници организирани од страна на Бирото за развој и земаат учество во проекти од национален или меѓународен карактер.

Со почеток од следната учебна година предвидена е програма за професионален развој со која се предвидува еднаш во месецот да се одржуваат тематски работилници и презентации кои ќе бидат водени од страна на поискусните наставници од училиштето или од надворешни стручни соработници преку соработка со Универзитетите од земјата или од странство. Темите е предвидено да бидат избрани преку анкета на потребите на наставниците која ќе биде спроведен кон крајот на август.

Набавка на стручна литература и опрема за потребите на Меѓународна матура

Во текот на оваа учебна година предвидена е набавка на нови учебници по предметот математика по 40 наслови.Исто така поради промен на

програмата по предмето Англиски јазик Б потребно е да се набави новиот учебник за Англиски Б и Визуелни уметности. За останатите предмети предвидена е нарачка на нови наслови по неколку примероци, но набавката е од странски издавачи и потребно е објавсвање на постапка за јавни набаки. Исто така предвидена е набавка на нови наслови за библиотеката и ресурсниот центар по македонска и светска литература и визуелни уметности кои може да се набават во локалните книжарници.

Редовно се планира и се доставува побарување за набавка на канцелариски материјали, тонери, хартија за фотокопирање, фломастери и сунѓери за бела табла како и потрошни материјали, бои. Хартија, блокови и наставни помагала по визуелни уметности и останатите предмети потребни за тековно функционирање и администрација на програмата.

Се предвидува набавка на 20 нови клупи за учениците и 40 столчиња како и 20 лап-топ компјутери за изведување на (on screen examinations).

Координатор на програмата за Меѓународна матура
Д-р Гордиана Ѓоргова

Предлог Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2018/2019 година е утврден на седницата на Училишниот одбор на ден_____2018 година и истата се доставува на усвојување до Советот на Град Скопје.

Д и р е к т о р

Силвана Кржовска

_____

Претседател на Училишниот одбор
Снежана Џајковска

_____

П е д а г о г
Маја Војнеска

_____

Завршна одредба
Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Број _____
_____2018 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR,